**Цивика мобилитас** е **првата програма** во РС Македонија, но и во Европа на која ќе биде спроведена **Проценка на корисниците (ПК).**




Станува збор за уникатен и иновативен процес кој ги вклучува граѓаните и граѓанските организации, односно корисниците на Цивика мобилитас. Нивните оценки ќе бидат собирани преку интервјуа, фокус групи и директно набљудување. Анализите на одговорите ќе покажат дали и во која мера Цивика мобилитас **имала  влијание врз општествените промени.**
Информациите на терен ќе ги собираат околу 80
**граѓански набљудувачи,**

а самото прибирање информации ќе трае околу еден месец.

**Структурата на Проценката на корисници функционира независно**, надвор од програмскиот тим што ги спроведува активностите. На овој начин се елиминира влијанието на спроведувачите и се **обезбедува објективност на оценката**. Покрај граѓанските набљудувачи, во структурата се вклучени и ко-фасилитатори, и национален фасилитатор. Цивика мобилитас избра осум ко-фасилитатори кои, заедно со граѓанските набљудувачи, ќе ги покријат сите осум плански региони.

Покрај влијанието на општествените промени, Проценката на корисниците ќе се фокусира и на научените лекции од помагањето на граѓанс**ките организации да работат поефективно со своите корисници** и на **начините за комуникација** меѓу Цивика мобилитас и граѓанските организации со нивните корисници, како и **нивната ефективност**. Спроведувањето на целиот процес на Проценка ќе овозможи да се тестира методологијата која подоцна може да се користи од граѓанските организации за спроведување на нивни проценки на корисниците.


CIVICA
MOBILITAS
Citizens for change!
Граѓаните за промена
Qytetarët për ndryshim